Врз основа на член 22, став 1 алинеја 16 од Законот за енергетика (Сл. Весник на РМ бр.16/2011 и 136/2011), член 20 став 2, член 21 и член 22 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности (Сл. Весник на РМ бр.143/2011), и Заклучокот УП1 бр.11-01/12 од 11.01.2012 година од Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија, МАКЕДОНИЈА ГАС АД Скопје во државна сопственост го објавува следното:

# И З В Е С Т У В А Њ Е

Се известува јавноста дека МАКЕДОНИЈА ГАС АД Скопје во државна сопственост на ден 03.01.2012 година до Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија поднесе Барање за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност управување со системот за пренос на природен гас.

**- Назив на барателот:**
МАКЕДОНИЈА ГАС АД Скопје во државна сопственост, ул. „Мирче Оровчанец“ бр.8/4 1000 Скопје.

**- Вид на енергетската дејност:**
Управување со системот за пренос на природен гас.

**- Подрачје на кое ќе се врши дејноста:**
МАКЕДОНИЈА ГАС АД Скопје во државна сопственост дејноста ќе ја врши на територијата на Република Македонија, согласно законската и подзаконската регулатива.

**- Опис на начинот, објектите и средствата за вршење на дејноста:**
МАКЕДОНИЈА ГАС АД Скопје во државна сопственост ќе ја врши енергетската дејност Управување со системот за пренос на природен гас во согласност со одредбите од Законот за енергетика (Сл. Весник на РМ бр.16/2011 и 136/2011) со организација на пазарот на природен гас во Република Македонија преку обезбедување на сигурен, безбеден, економичен и квалитетен пренос и испорака на природен гас преку преносниот систем, на недискриминаторен и транспарентен начин и со пропишан квалитет, планирање на развојот на преносниот систем под економски услови заради сигурно и ефикасно функционирање на преносниот систем. Друштвото ќе ја извршува дејноста со урамнотежување на планираните и испорачаните количини на природен гас во реално време преку преносните мрежи на природен гас и со донесување на сите акти кои произлегуваат како обврска од Законот за енергетика со кои се уредува начинот на вршење на дејноста управување со системот за пренос на природен гас.

Оперативното управување со системот за пренос на природен гас ќе се врши со оперативно управување на мрежите за пренос на природен гас кои го сочинуваат системот за пренос на природен гас во Република Македонија.

\- **Времетраење на лиценцата:**
МАКЕДОНИЈА ГАС АД Скопје во државна сопственост бара Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија да и издаде Лиценца за вршење на енергетска дејност управување со системот за пренос на природен гас со времетраење од 35 години.

**- Начин и краен рок за доставување на предлози, мислења и сугестии во врска со барањето за издавање на лиценца:**
Во врска со поднесеното барање за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност управување со системот за пренос на природен гас, заинтересираните правни и физички лица можат по писмен пат да достават мислења, предлози и сугестии до Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија во рок од 5 дена сметано од денот на објавување на известувањето за барање во дневниот печат.

Мислењата, предлозите и сугестиите да се доставaт на следнава адреса:
Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр.2
1000 Скопје
Република Македонија

Скопје, 13.01.2012 год.

МАКЕДОНИЈА ГАС АД Скопје во државна сопственост
Извршен директор
Крсте Миладинов